ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
ИСТОЧЕН РЕГИОН
Бр. 08-238/1
24.11.2026 год.

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
BRD
BUREAU FOR REGIONAL DEVELOPMENT

ЗАПИСНИК

Од Прва форумска сесија во Источен плански регион

Датум: 17.11.2026 година, **Место:** Хотел Изгрев - Штип, **Час:** 10:30
Присутни граѓани: Вкупно 67

Мажи: 34 Жени: 33 Ранливи групи:

Модератор: Васка Драшковиќ, **Ко-модератор:** Андреа Златковска

Програма на сесијата (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

10:30	Пристигнување и регистрација на учесниците
10:30 - 10:40	Поздравно обраќање • Г-дин Трајче Здравков, Директор на Центарот за развој на Источен плански регион
10:40 - 11:15	Избор на приоритетни области и комплементарни области за проектите финансирани од Програмата за рамномерен регионален развој 2027 година
11:15 - 12:15	Структурирање на форумот / распределување по **работни маси** Утврдување на правила за работа на форумот Презентација на форумскиот процес – Модератор Г-ѓа Васка Драшковиќ
12:15 - 12:30	Кафе пауза
12:30 - 13:45	Идентификација и дефинирање на **приоритетни регионални проблеми** поврзани со избраните области Дискусија по работни маси и презентација Групирање и презентирање на регионалните проблеми
13:45 - 14:30	**Предлагање решенија - препораки** Дискусија по работни маси и презентација Формирање на работни групи за предлог решенијата
14:30 - 15:00	Оценка на форумската сесија Договор за следна сесија
15:00	Коктел

Тек и содржина на сесијата

Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)

Форумската сесија ја отвори модераторот г-ѓа Васка Драшковиќ која ги поздрави присутните, претставниците од Бирото за регионален развој, Градоначалниците, им посака добредојде и успешна работа на Првиот регионален форум, го презентираше дневниот ред и ги потенцираше целите кои што треба да се постигнат на крајот на Првата форумска сесија.

По воведот во Првата форумска сесија, поздравно обраќање имаше и директорот на Центарот за развој на Источен плански регион, Трајче Здравков, кој ги поздрави присутните и се заблагодари за присуството. Во своето излагање, даде краток осврт кон Програмата за рамномерен регионален развој за 2027 година и посака успешна работа.

По поздравното обраќање, Модераторот на присутните им даде детално објаснување за правилата на форумот и сите чекори во процесот на идентификација на проектните предлози.

Откако се поставија основите за работа на форумскиот процес и присуните немаа дилеми во однос на правилата, своја презентација имаше и ко-модераторот, Андреа Златковска, која на присутните им ги презентираше, стратешките цели и приоритети на Програмата за развој на Источен плански регион 2021 – 2026 година и критериумите за регионален проект.

На сите присутни од претходно им беа оставени стикери во 5 бои, на кои требаше секој учесник да го напише своето име на соодветна боја која се однесува на стратешката цел која ја смета за приоритетна.

Имајќи ги предвид стратешките цели, приоритети и мерки идентификувани во Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, првата одлука која беше донесена на Првата форумска сесија беше за изборот на приоритетните области кон кои треба да биде насочен развојот на регионот во 2027 година. Согласно индивидуалното гласање на 67 присутни учесници, изборот на приоритетните области беше сведен кон следното:

- ✓ С.Ц.1. Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот – 3 учесници;
- ✓ С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги – 21 учесник;
- ✓ С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси – 14 учесници;
- ✓ С.Ц.4. Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини – 8 учесници;
- ✓ С.Ц.5. Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација – 12 учесници.

Согласно гласањето, форумот ја донесе првата одлука во однос на избор на приоритетни области.

- ✓ **С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и**

здравствени услуги – 21 учесник;

- ✓ **С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси – 14 учесници.**

Откако беа утврдени приоритетните области, модераторот ги повика присутните учесници дека треба да се направи структурирање на форумот и распределување по работни маси, на кои учесниците по своите интереси, афинитети и цели за присуство ќе се распределат по работни маси.

Од страна на Оперативната група беа дадени предлози за работни маси, со тоа што се остави простор за надополнување со нови работни групи доколку не беа опфатени со дадените предлози:

1. Социјални услуги;
2. Туризам и култура;
3. Животна средина;
4. Рурален развој и земјоделие;
5. Образование, спорт и млади;
6. Економија, пазар на труд и бизнис сектор;
7. Здравствени услуги;

Од страна на Модераторот, г-ѓа Васка Драшковиќ беше потенцирана и разликата помеѓу локалните и регионалните форуми, што сè треба учесниците во регионалниот форум да имаат во предвид, потенцираше дека пред сè треба да се водат, решенијата кои ќе ги предлагаат да имаат регионален карактер и задолжително за истите да има подготвено комплетна техничка документација, но и да се има превид од тоа што е најприоритетно за реализација во регионот.

Потоа се продолжи со структурирање на форумот, сите учесници се распределија по разни тематски работни маси, согласно својот интерес.

Учесниците го прифатија предлогот од **7 (седум) работни маси**, со тоа што по поединечното изјаснување на учесниците распоредот по работни маси е следниот:

1. Животна средина – 10 учесници;
2. Туризам и култура – 11 учесници;
3. Рурален развој и земјоделие – 8 учесници;
4. Здравствени услуги - 4 учесници;
5. Социјални услуги – 8 учесници;
6. Образование, спорт и млади – 10 учесници;
7. Економија, пазар на труд и бизнис сектор – 6 учесници.

Откако форумот се структурираше по вкупно 7 (седум) работни маси и беше спремен за работа, модераторот ги потсети сите учесници за правилата за работа на форумот преку кратка презентација, по што следуваше усвојување на овие правила од страна на учесниците на форумот.

Откако учесниците беа запознаени со форумскиот процес, со карактеристиките на регионален проект и целите на форумот преку дискусија во рамките на работните групи, се работеше на идентификување на приоритетните проблеми со кои се соочува регионот, кои се најнеопходни и најитни за адресирање, а се во рамките на претходно избраните приоритетни облсти и подобласти.

По завршување на дискусиите во работните маси, претставниците на работните групи преку презентација на внатрешните дискусии предложија 23 приоритетни проблеми, слични или комплементарни, кои подоцна беа групирани во 7 групи на **приоритетни регионални проблеми** и 3 препораки.

- ✓ Недостаток на соодветни услови за спроведување на воспитно-образовниот процес. Недостаток од опремени кабинети, изведување на практична настава, нагледни средства, сензорни соби, услови за млади лица во регионот;
  Во регионот се присутни голем број на стари и амортизирани образовни објекти;
- ✓ Недостаток од инфраструктура за сместувањето и грижата за стари лица и лица со попреченост;
- ✓ Зголемен број на жртви на семејно и врсничко насилство. Не постојат центри, капацитети за нивно згрижување во регионот;
- ✓ Несоодветна заштита и управување со водните ресурси во регионот. Недоволно опремени ЈКП за рана детекција за загуби на вода за пиење. Неискористеност на ОИЕ, геотермалните води;
- ✓ Проблеми со рана детекција на пожари. Непостоење на хидрантска мрежа во јавните институции. Противпожарна заштита;
- ✓ Недостаток од механизација за одржување на јавна хигиена и управување со отпад. Потреба од опремување со возила за собирање на смет, возила за одржување на јавна хигиена и опрема;
- ✓ Санација на јаловишна депонија;

Препораки:

- ✓ Потреба од регионален третман на општините против проблемот со комарци;
- ✓ Потреба од регионален пристап во решавање на проблемот со кучињата скитници. Регионален стационар за згрижување на кучињата скитници;
- ✓ Недостаток од финансиски средства за развој на туризмот и културата;

По согласност од форумот во однос на групирање на регионалните проблеми се помина кон идентификување на решенија, групирање на решенијата и идни препораки.

Откако работните маси предложија и се согласија за **најприоритетни предлог-решенија**, истите беа презентирани од секоја работна маса.

1. **Работна маса – животна средина**

- ✓ Изградба на пречистителни станици (во општините каде што нема и не се опфатени во тековни проекти;
- ✓ Воведување на примарна селекција на отпад на локално ниво;
- ✓ Спроведување на регионални мерки за превенција и справување со пожари;

2. **Работна маса – туризам и култура**

- ✓ Потреба од изнаоѓање на инвеститори за експлоатација на геотермални води – модел на ЈПП
- ✓ Санација на јаловишната депонија и поставување на сончеви панели;
- ✓ Пренамена на слободни простории во училиштата за одржување на практична настава и нивно опремување;

3. **Работна маса - Образование, спорт и млади**

- ✓ Опремување со асистивна технологија на сензорни соби за ученици со посебни потреби во воспитно – образовните установи (Кочани, Виница, Зрновци, Пехчево, Делчево и Штип);
- ✓ ЕЕ мерки во образовни објекти, замена на столарија, фасада и кров, во 3 (три) училишта ООУ „Дедо Иљо Малешевски" - Берово, ЈОУДГ „Бисерчиња" Зрновци (кров) и ООУ „Ванчо Прке" – Делчево;
- ✓ Недостаток на услови за изведување на практична настава и вежби во стручно образование, опремување на работилница, стручна струка (кујна со елементи, апарати, машини), прехрамбрена и угостителска струка, во СОУ „Ванчо Прке" - Виница, кое опфаќа ученици и од Зрновци, Кочани, Чешиново-Облешево;
- ✓ Пилотирање на модели за регионална соработка во обезбедување на младинска работа (препорака);

4. **Работна маса - Економија, пазар на труд и бизнис сектор**

- ✓ Опремување на образовни објекти со современа наставна опрема, дигитални технологии и едукативни помагала;
- ✓ Изградба на регионален дом за стари лица во Источниот плански регион;
- ✓ Потреба од лобирање за повеќе финансиски средства за модернизација на културните институции (културни домови, музеи, библиотеки во регионот - препорака);

5. **Работна маса – социјални услуги**

- ✓ Изградба на регионален шелтер центар, центар за привремено згрижување и заштита на лица во ризик (предлог локација Берово);
- ✓ Изградба на регионален стационар за згрижување на кучињата скитници;
- ✓ Изградба или пренамена на објекти во домови за стари лица и во активни центри за стареење;

6. **Работна маса - Рурален развој и земјоделие**

- ✓ Набавка на специјализирани комунални возила (за одведување на отпад, хигиена, трактори, каналџетки);
- ✓ Поставување на опрема за рана детекција на пожари (поставување на детектори и сензори);
- ✓ Набавка на систем за рана детекција на загуби на вода за пиење;
- ✓ Набавка на училишна опрема за кабинетска настава;

7. **Работна маса - Здравствени услуги**

- ✓ Обезбедување на сензори за рана детекција против пожари во институциите во регионот;
- ✓ Опремување на кабинети за талентирани ученици и практична настава;
- ✓ Регионален координиран процес за третман против комарците (препорака);

По излагањето на предлог – решенијата од сите 7 (седум) работни маси, се пристапи кон групирање на решенијата, по стратешки цели.

1. **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИ И ИНКЛУЗИВНИ СОЦИЈАЛНИ, ОБРАЗОВНИ И ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ;**

Социјални услуги

- ✓ Изградба на регионален дом за стари лица во Источниот плански регион;
- ✓ Изградба на регионален шелтер центар, центар за привремено згрижување и заштита на лица во ризик (предлог локација Берово);
- ✓ Изградба или пренамена на објекти во домови за стари лица и во активни центри за стареење;

Образовни услови

- ✓ Пренамена на слободни простории во училиштата за одржување на практична настава и нивно опремување;
- ✓ Опремување на образовни објекти со современа наставна опрема, дигитални технологии и едукативни помагала;
- ✓ Опремување со асистивна технологија на сензорни соби за ученици со посебни потреби во воспитно – образовните установи (Кочани, Виница, Зрновци, Пехчево, Делчево и Штип);
- ✓ ЕЕ мерки во образовни објекти, замена на столарија, фасада и кров, во 3 (три) училишта ООУ „Дедо Иљо Малешевски" - Берово, ЈОУДГ „Бисерчиња" - Зрновци (кров) и ООУ „Ванчо Прке" - Делчево;
- ✓ Недостаток на услови за изведување на практична настава и вежби во стручно образование, опремување на работилница, стручна струка (кујна со елементи, апарати, машини), прехрамбрена и угостителска струка, во СОУ „Ванчо Прке" - Виница, кое опфаќа ученици и од Зрновци, Кочани, Чешиново-Облешево;
- ✓ Опремување на кабинети за талентирани ученици и практична и кабинетска настава;

Здравствени услуги

- ✓ Изградба на регионален стационар за згрижување на кучињата скитници;

2. **ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ**

- ✓ Изградба на пречистителни станици (во општините каде што нема и не се опфатени во тековни проекти;
- ✓ Воведување на примарна селекција на отпад на локално ниво;
- ✓ Набавка на специјализирани комунални возила (за одведување на отпад, хигиена, трактори, каналџетки);
- ✓ Набавка на систем за рана детекција на загуби на вода за пиење;
- ✓ Санација на јаловишната депонија и поставување на сончеви панели;
- ✓ Спроведување на регионални мерки за превенција и справување со пожари;
- ✓ Поставување на опрема за рана детекција на пожари (поставување на детектори и сензори);
- ✓ Обезбедување на сензори за рана детекција против пожари во институциите во регионот;

ПРЕПОРАКИ НА ФОРУМОТ:

1. Потреба од изнаоѓање на инвеститори за експлоатација на геотермални води – модел на ЈПП;
2. Пилотирање на модели за регионална соработка во обезбедување на младинска работа;
3. Регионален координиран процес за третман против комарците;
4. Потреба од лобирање за повеќе финансиски средства за модернизација на културните институции (културни домови, музеи, библиотеки во регионот);

Дадените предлог – решенија ќе послужат на надворешниот експерт и Центарот за развој на Источен плански регион да идентификуваат предлог концепти и решенија, за кои форумот во втората сесија ќе ги приоритизира врз основа на изработена анализа на трошоци и придобивки (cost benefit analysis), ќе се изработи приоритетна листа на предлог-проекти која ќе се достави на усвојување до Советот за развој на Источен плански регион, како би можел Центарот за развој на Источен плански регион за истите да подготви соодветна апликација и да ги предложи за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2027 година.

На самиот крај следуваше оценка на сесијата од страна на учесниците, најава за следните чекори.

Првата форумска сесија заврши околу 14:30 часот при што модераторот се заблагодари за учеството во форумскиот процес на сите присутни и ги повика на повторна средба на следната форумска сесија на 18 декември 2026 година.

Заклучоци и препораки

Сесијата помина во најдобар ред согласно дневниот ред и поставените цели и беа постигнати следните резултати:

- Избрани области и подобласти;
- Формирана структура на форумот и усвоени правила за работа;
- Презентиран форумскиот процес, карактеристиките и целите;
- Идентификувани 23 приоритетни регионални проблеми, слични или комплементарни;
- Регионалните проблеми подоцна групирани во 7 групи;
- Понудени 17 предлог-решенија на регионалните проблеми;
- Усвоени 4 (четири) препораки од форумот;
- Оценета сесија;
- Најавени следни чекори и следна сесија.

ИСТОЧЕН РЕГИОН

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
BRD
BUREAU FOR REGIONAL DEVELOPMENT

Резултати од евалуација на форумската сесија:

Од вкупно присутни 59 учесници на форумот, Формулар за оценка на Првата форумска сесија пополниле 49 учесници или 98%.
Во однос на половата застапеност, 38,8% од присутните учесници се мажи додека 61,2% се жени.
Ако се погледне возрасната структура на присутните, 22,4% од присутните лице се на возраст 18-34 години, 75,5% се на возраст 35-60 години, додека пак само едно лице е постаро од 60 години.
Од доставените прашалници е воочливо дека сите кои го пополниле прашалникот се идентификувале како Македонци, а само еден одговор е добиен на прашањето за припадност кон ранлива категорија – лица кои се самохрани родители.
Во однос на корисноста на Првата форумска сесија, сите учесници кои пополниле Формулар за евалуација се изјасниле дека форумската сесија била корисна, а што се однесува за прашањето за постигнување позитивни резултати и очекувања – 93,9% сметаат дека форумската сесија ги исполнила нивните очекувања, додека пак 3 учесници не успеале да забележат позитивни резултати.
Согласно дадените оценки за квалитетот, организацијата и спроведувањето на форумската сесија, 69,39% од присутните сметале дека организацијата и квалитетот на сесијата бил на највисоко ниво, 24,49% се изјасниле дека добиле многу добар впечаток за форумската сесија, додека пак 3 учесници ја оцениле сесијата со средна оценка.
Како коментари/препораки од Првата форумска сесија, учесниците сметаат дека организација била на соодветно ниво и искажале пофални зборови за начинот на кој е водена сесијата.

Прилози:

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записникот го водеше
Зујица Ангелова
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ШТИП

Прилози - Табела согласно активности по сесија

Табела 1.1. Приоритетни области (сесија 1)

Р. бр.	Област	Предложено од	Рангиран/ избран	Забелешка
1	✓ С.Ц. 1. Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот – 3 учесници;	**ЦРИПР**	3 бодови	
2	✓ **С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги – 21 учесник;**	**ЦРИПР**	**РАНГ 1 со 21 бодови**	**РАНГ 1**
3	✓ **С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси – 14 учесници;**	**ЦРИПР**	**РАНГ 2 со 14 бодови**	**РАНГ 2**
4	✓ С.Ц.4. Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини – 8 учесници	**ЦРИПР**	8 бодови	
5	✓ С.Ц.5. Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација – 12 учесници.	**ЦРИПР**	12 бодови	

Табела 1.2. Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

Дефиниран проблем	Препорака за решавање - предлог идеа	Препорачано од/до	Забелешка
Загадена околина, води, отпад	Изградба на пречистителни станици (во општините каде што нема и не се опфатени во тековни проекти;	Работна маса – животна средина	
Загадена околина, води, отпад	Воведување на примарна селекција на отпад на локално ниво;	Работна маса – животна средина	
Недостаток од инфраструктура за сместувањето и грижата за стари лица и лица со попреченост;	Спроведување на регионални мерки за превенција и справување со пожари;	Работна маса – животна средина	
Несоодветна заштита и управување во водните ресурси во регионот. Недоволно опремени ЈКП за рана детекција за загуби на вода за пиење. Неискористеност на ОИЕ, геотермалните води;	Потреба од изнаоѓање на инвеститори за експлоатација на геотермални води – модел на ЈПП;	Работна маса – туризам и култура	
Потреба од санација на јаловишна депонија	Санација на јаловишната депонија и поставување на сончеви панели;	Работна маса – туризам и култура	
Недостаток на соодветни услови за спроведување на воспитно-образовниот процес. Недостаток од опремени кабинети, изведување на практична настава, нагледни средства, сензорни соби, услови за млади лица во регионот;	Пренамена на слободни простории во училиштата за одржување на практична настава и нивно опремување;	Работна маса – туризам и култура	
Недостаток на соодветни услови за спроведување на воспитно-образовниот процес. Недостаток од опремени кабинети, изведување на практична настава, нагледни средства, сензорни соби, услови за млади лица во регионот;	Опремување со асистивна технологија на сензорни соби за ученици со посебни потреби во воспитно – образовните установи (Кочани, Виница, Зрновци, Пехчево, Делчево и Штип);	Работна маса - Образование, спорт и млади	

Недостаток на соодветни услови за спроведување на воспитно-образовниот процес.	ЕЕ мерки во образовни објекти, замена на столарија, фасада и кров, во 3 (три) училишта ООУ „Дедо Иљо Малешевски" - Берово, ЈОУДГ „Бисерчиња" - Зрновци (кров) и ООУ „Ванчо Прке" – Делчево, кое опфаќа ученици и од Зрновци, Кочани, Чешиново-Облешево;	Работна маса - Образование, спорт и млади	
Недостаток на соодветни услови за спроведување на воспитно-образовниот процес. Недостаток од опремени кабинети, изведување на практична настава, нагледни средства, сензорни соби, услови за млади лица во регионот;	Пилотирање на модели за регионална соработка во обезбедување на младинска работа (препорака);	Работна маса - Образование, спорт и млади	
Недостаток на соодветни услови за спроведување на воспитно-образовниот процес. Недостаток од опремени кабинети, изведување на практична настава, нагледни средства, сензорни соби, услови за млади лица во регионот;	Опремување на образовни објекти со современа наставна опрема, дигитални технологии и едукативни помагала;	Работна маса - Економија, пазар на труд и бизнис сектор;	
Недостаток од инфраструктура за сместувањето и грижата за стари лица и лица со попреченост;	Изградба на регионален дом за стари лица во Источниот плански регион;	Работна маса - Економија, пазар на труд и бизнис сектор;	
Во регионот се присутни голем број на стари и амортизирани образовни објекти; Недостаток од финансиски средства за развој на туризмот и културата;	Потреба од лобирање за повеќе финансиски средства за модернизација на културните институции (културни домови, музеи, библиотеки во регионот, препорака);	Работна маса - Економија, пазар на труд и бизнис сектор;	
Зголемен број на жртви на семејно и врсничко насилство. Не постојат центри, капацитети за нивно згрижување во регионот;	Изградба на регионален шелтер центар, центар за привремено згрижување и заштита на лица во ризик (предлог локација Берово);	Работна маса – социјални услуги	

Потреба од регионален пристап во решавање на проблемот со кучињата скитници. Регионален стационар за згрижување на кучињата скитници;	Изградба на регионален стационар за згрижување на кучињата скитници;	Работна маса – социјални услуги	
Недостаток од инфраструктура за сместувањето и грижата за стари лица и лица со попреченост;	Изградба или пренамена на објекти во домови за стари лица и во активни центри за стареење;	Работна маса – социјални услуги	
Недостаток од механизација за одржување на јавна хигиена и управување во отпад. Потреба од опремување со возила за собирање на смет, возила за одржување на јавна хигиена и опрема;	Набавка на специјализирани комунални возила (за одведување на отпад, хигиена, трактори, каналџетки);	Работна маса - Рурален развој и земјоделие	
Проблеми со рана детекција на пожари. Непостоење на хидрантска мрежа во јавните институции. Противпожарна заштита;	Поставување на опрема за рана детекција на пожари (поставување на детектори и сензори);	Работна маса - Рурален развој и земјоделие	
Загадена околина, води, отпад, загуба на водите	Набавка на систем за рана детекција на загуби на вода за пиење;	Работна маса - Рурален развој и земјоделие	
Недостаток на соодветни услови за спроведување на воспитно-образовниот процес. Недостаток од опремени кабинети, изведување на практична настава, нагледни средства, сензорни соби, услови за млади лица во регионот;	Набавка на училишна опрема за кабинетска настава;	Работна маса - Рурален развој и земјоделие	
Проблеми со рана детекција на пожари. Непостоење на хидрантска мрежа во јавните институции. Противпожарна заштита;	Обезбедување на сензори за рана детекција против пожари во институциите во регионот;	Работна маса - Здравствени услуги	
Недостаток на соодветни услови за спроведување на воспитно-образовниот процес. Недостаток од опремени кабинети, изведување на практична настава, нагледни	Опремување на кабинети за талентирани ученици и практична настава;	Работна маса - Здравствени услуги	

средства, сензорни соби, услови за млади лица во регионот;			
Потреба од регионален третман на општините против проблемот со комарци;	Регионален координиран процес за третман против комарците (препорака);	Работна маса - Здравствени услуги	

Табела 2.2. Презентирани концепти и препораки од Втората форумска сесија (сесија 2)

Препорака -предлог идеа/концепт	Препорака за подобрување	Забелешка

Табела 2.2. Одлуки од форумот на Втората форумска сесија

Р. бр.	Наслов на концептот	Носител/ Партнер	Буџет (МКД)	Број на поени	Ранг број	Забелешка
1						
2						
3						
4						
5						
6						